ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 241
e-mail: tveljanovski@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 0604/21**
Дата: **06/04/2021**
Купувач: Т.Вељановски
Рок на доставување: **20/04/2021**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 2+1+2+1+1+1+1

[x] ПОНУДА

[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за набавка на цевки и фитингерија за потребите на ОКТА- Скопје, согласно следните спецификации и тоа:

1. Спецификација на материјали за ЕМВ;
2. Спецификација на материјали за замена на ПП разладен систем за Р-031-3;
3. Спецификација на материјали за замена на ПП разладен систем за Р-020-2;
4. Спецификација на материјали за замена на ПП разладен систем за Р-030-6;
5. Спецификација на материјали за замена на ПП разладен систем за Р-020-3;
6. Спецификација за вентили и засуни.

Горе наведените спецификации ќе Ви бидат доставени по Вашата потврда за учество во тендерот.

**Напомена:**

- Дадените материјали во спецификацијата се максимална количина која ОКТА би ја Нарачала. Ова барање за понуда не ја обврзува ОКТА да ги нарача сите материјали и количини дадени во спецификациите.

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на E-mail адресите:

adimitrievski@helpe.gr и tveljanovski@helpe.gr најдоцна до **16.04.2021 год.**

**Доставата на материјалите да биде : Франко ОКТА-Скопје**

**Напомена:**
**Понудата потребно е да го содржи следното:**

1. Земја на потекло на материјалите;
2. Време на испорака;
3. Валидност на понудата ( согласно потребите на ОКТА , **4 ( четири) месеци** од рокот на доставување на понудите);
4. Сите потребни сертификати за материјалите/ цртежи/ технички карактеристики за понудените материјали;

**Завршни одредби:**

- Нашите услови на плаќање се "40 дена од датата на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Понудувачот е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на Корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од 5 работни денови по тој датум.
- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да Нарачува парцијално и не само од еден Понудувач, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Евентуални прашања/ или дополнителни објаснувања во врска Барањето, Понудувачот може да ги достави единствено во пишана форма ( по е- маил) на одговорното лице во ОКТА. ОКТА не презема одговорност за вербална инструкција или сугестија.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

**Понудата да се достави во затворен коверт, со назнака:**

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 0604/21.**

**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или на 20/04/2021.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:
ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведените услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Тони Вељановски

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски